**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 22 (дваесет и втора) седница на Советот на општинаДолнени на ден 28.02.2023 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

### Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесеттата и дваесет и првата седница на Советот на општина Долнени.
2. Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Долнени за извршниот период за квартал К1, К2 и К3.
3. Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот и друг недвижен имот како во сопственост на физички и правни лица а кој не се користи од сопственикот
4. Одлука за одобрување на иницијатива за отпочнување за изработка на урбанистички проект вон населено место за КО Ропотово.
5. Разно.

Претседател на Советот
на општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 22 (дваесет и втората) седница на Советот на општина Долнени на ден 28.02.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Пересли, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од дваесеттата и дваесет и првата седница на Советот на општина Долнени.
2. Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Долнени за извршниот период за квартал К1, К2 и К3.
3. Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот и друг недвижен имот како во сопственост на физички и правни лица а кој не се користи од сопственикот
4. Одлука за одобрување на иницијатива за отпочнување за изработка на урбанистички проект вон населено место за КО Ропотово.

Вака читањето на дневен ред администрацијата на општина Долнени предложи дневниот ред да се надополни со уште две точки и тоа;

Одлука за започнување со активностите за редовно ажурирање на Процената на загрозеност од сите ризици и опасности на Општина Долнени за 2023 година. И Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Долнени за 2023 година.
Вака предвидениот дневен ред со дополнувања претседателот на советот Хусеин Хасановиќ го стави на гласање од кој едногласно сите 15советника гласаа ЗА.

1.По однос на првата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде преставникто од администрација Соња Ѓорѓиоска која објасни кварталните извештаи. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 15 советника гласаа ЗА.
3. По однос на третата точка од дневниот ред збор зеде советникот Нади Садикоски кој кажа доколку е со закон тогаш треба ние како совтници тоа да го потврдиме. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

4. По однос на четвртата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

5. По однос на петата точка од дневниот ред без дискусија од страна ан советниците. Претседателот на советот ја стави точката на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрација Соња Ѓорѓиоска која објасни дека оваа измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Долнени за 2023 година се работи за Надзорот кој општина Долнени го ангажира за проектите кои ги реализира. Потоа збор зеде советникот Изет Сулејманоски кој праша дали ние надзорот треба да го платиме и дали надзорот е должен да ни достави список на проекти во кој е ангажиран. Потоа збор зеде советникот Виктор кој праша дали патот за Долгаец е завршен. Потоа збор зеде советничката Шенај која побара да се достави листа за сработените проекти бидејќи се случува ние како советници да гласаме да воопшто да не знаеме за што гласаме и за тоа добро е да имаме листа на проекти кои се реализирани. Потоа збор зеде советникот Нади Садикоски кој праша ако е истиот надзор кој е ангажиран за училиштето во с. Црнилиште тогаш тој ич не е одговорен. Потоа збор зеде претставникот од администрација Омер Демески кој ги предложи проектите кој се реализирани и во кој е ангажиран надзор.
Претседателот на советот оваа точка ја стави на гласање од кој 9 советника гласаа

ЗА, 1 беше против и 5 беа воздржани.

7. По однос на седмата точка од дневниот ред претседателот на советот ги прочита барањата кои беа доставени до советот на општина Долнени.
Барање од црковниот одбор од с. Пешталево кој бараат финансиска помош за изградба на нова камбанарија.

Барање од советничката Ангела Јаковлеска кој бара да се постават сообраќајни знаци како патоказ за населено место Сенокос и да се потполнат банкините.

Барање од Месна заедница на н. м Сенокос кои бараат да се асфалтира барем една улица и да се уреди патната инфраструктура во н.м Сенокос.

Барање од Месна заедница на н. м Сенокос кои бараат да се исчистат каналите и неколку критични места во н.м Сенокос.

Потоа збор зеде советникот Нади Садикоски кој побара да се санира мостот кој е на локалниот пат за Стровја бидејќи е критичен пошто има ставено мали цевки а тука надоаѓа поголемо количество на вода и можно е негово рушење.

Пота збор зеде советникот Назим Адемоски кој побара во н.м Житоше да се постават цевки во горната Џамија бидејќи атмосферската вода се влева право во Џамијата. Потребено е некаде 40м цевки како мештани имаат набавено 10 цевки но потребни се уште барем 30 цевки по 1м.

З а п и с н и ч а р

________________________

Претседател

на Советот на општина

Долнени

Еркан Ајдароски

**Република Северна Македонија Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

Хусеин Хасановиќ